**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 23.04.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2007/1 | | |


Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување

2. **Субјект на надзорот**: телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ - ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ

3. **Период опфатен со надзорот**: од 4 до 22 април 2024 година

4. **Датум на извршување на надзорот**: 23 април 2024 година

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да го покриваат изборниот процес, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма. Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери се должни тоа да го прават на пристапен и достапен формат и јазик како и на знаковен јазик.“), **а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик** („Јавниот радиодифузен сервис, како и телевизиите на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс, телевизиите на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и телевизиите кои емитуваат преку сателит коишто ќе објавуваат платено политичко рекламирање имаат обврска:
  - да ги објавуваат содржините поврзани со изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност и тоа задолжително најмалку едно издание на вести и една содржина во периодот 3 согласно со членот 75-ѓ-став (9) од овој законик,“)

- **Точки 21 и 22 од Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024** (Пречистен текст) број 01-1959/1 од 18 април 2024 година
  („21. Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво што ќе објавуваат платено политичко рекламирање, во согласност со обврските од член 75 ставови 1, 4 и 5 на Изборниот законик, содржините поврзани со изборниот процес треба да ги емитуваат во формат пристапен за лицата со попреченост.
  22. Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво ќе обезбедат пристапност на:
  - најмалку едно издание на вести, во периодот од 16:00 до 24:00 часот, секој ден; и
  - најмалку една друга емисија поврзана со изборниот процес, во периодот од 16:00 до 24:00 часот, еднаш неделно.“)

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување емитувано на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ, телевизија на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, од 4 до 22 април 2024 година, **констатирано е прекршување на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик**.

Имено, спротивно на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик, ТВ Клан Мацедониа, во текот на првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, не ја исполни обврската за известување за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост.

**ТВ Клан Мацедониа не обезбеди информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, ниту во најмалку едно издание на вестите на дневно ниво, ниту во друга програмска содржина на неделно ниво емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот, за време на изборната кампања за првиот круг од Претседателските избори, иако објавуваше платено политичко рекламирање во континуитет во текот на изборната кампања.**

За обврската од Изборниот законик радиодифузерите беа потсетени со допис бр. 03-1270/1 од 18.03.2024 г. и од нив беше побарано до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да доставaт информации кои емисии ќе ги емитуваат во формат достапен за лицата со попреченост, со податоци за термините на нивно емитување и за алатките што ќе ги користат за обезбедување пристапност на содржините. Сите радиодифузери на кои се однесува законската обврска ја известија Агенцијата и Прегледот на овие податоци е објавен на веб страната на Агенцијата.

ТВ Клан Мацедониа, согласно обврската од член 75 став 4 алинеја 2 од Изборниот законик, до Агенцијата достави Известување бр.03-1743/1 од 2.04.2024 г. дека секој ден за време на изборниот процес ќе емитува едно издание на вестите во 20 часот, а во петок во 19 часот и 50 минути, прилагодено со користење на знаковен јазик - титлување, како и една специјална емисија „Избори 2024 – Дебати“, на неделно ниво, прилагодена со титлување, која ќе се емитува секоја недела во 19 часот и 15 минути.

На 4 април 2024 година, на денот на почетокот на изборната кампања, ТВ Клан Мацедониа достави ново известување до Агенцијата бр. 03-1743/2 од 5.04.2024 г. дека поради преселба во нови простории на телевизијата и поради ограничени технички можности нема да бидат во состојба да ги реализираат информативните емисии на знаковен јазик, и дека следната недела, се надеваат да го надминат проблемот.

Агенцијата, во периодот од 4 до 8 април 2024 година, односно за првите пет дена од почетокот на изборната кампања, спроведе мониторинг за исполнувањето на обврската за известување за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост. Притоа констатираше дека единствено ТВ Клан Мацедониа не емитувала ниту едно издание на вестите дневно во периодот од 16:00 до 24:00 часот, и ниту една информативна содржина неделно, прилагодена за лицата со попреченост. Со оглед на тоа дека не беше завршен еден седмичен циклус, како и најавата од ТВ Клан Мацедониа дека се надева во текот на втората недела од кампањата да го надмине проблемот, не можеа да се извлечат конечни заклучоци за почитувањето на законската обврска. За констатациите од овој мониторинг, до сите радиодифузери на кои се однесува обврската, вклучувајќи го и ТВ Клан Мацедониа, беше доставено Известување за исполнувањето на обврската за емитување пристапни програми за изборите бр. 03-1873/1 од 11.04.2024 година, кое е објавено и достапно на веб страната на Агенцијата.

Со понатамошниот надзор над изборното медиумско претставување, во контекст на обврската за информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, беше констатирано дека ТВ Клан Мацедониа, заклучно со 22.04.2024 година, не емитуваше ниту едно издание на вестите и ниту една друга информативна содржина прилагодена за лицата со попреченост. Во меѓувреме, ТВ Клан Мацедониа ја реализираше вкупната програма, без прекини поради најавената преселба во нови простории, односно

редовно емитуваше дневноинформативни емисии, организираше и емитуваше дебатни емисии, како и платено политичко рекламирање во текот на целата изборна кампања за првиот круг од Претседателските избори.

Во однос на вестите, треба да се истакне дека во периодот од 4 до 22 април 2024 година, телевизијата не емитуваше вести во 20 часот, а во петок во 19 часот и 50 минути, како што најави во доставеното известување до Агенцијата на 2 април 2024 година, туку вестите се емитуваа околу 18 часот и 30 минути и околу 22 часот. Во дел од емитуваните изданија на вестите, во долниот дел од екранот, се движеше кајрон со информации за некои од прилозите во вестите, но овие информации на кајронот, комплетно се разидуваа со содржината на прилозите што се емитуваа во исто време во рамки на вестите, и ова не може да се смета за прилагодување на вестите за лицата со попреченост.

Што се однесува до најавената специјална емисија „Избори 2024 – Дебати“, која според известувањето од телевизијата требаше да се емитува секоја недела во 19 часот и 15 минути, со надзорот во периодот од 4 до 22 април 2024 година, не беше регистрирано нејзино емитување и воопшто не беше регистрирано емитување на дебатни емисии во недела. Инаку, во работните денови од седмицата, за време на целиот анализиран период, беше регистрирано емитување на повеќе дебатни емисии. Во две изданија на емисијата „Дебат плус“, емитувани на 9 и на 16 април 2024 година, беше регистриран и неуспешен обид емисиите да се направат достапни за лицата со попреченост. Во двете емисии се користеше софтвер за претворање говор во текст, но со лош квалитет, кој не успеваше да ја пренесе целата содржина, многу доцнеше, повремено повеќекратно повторуваше зборови, се мешаше со други коментари и текстуални елементи кои беа дел од визуелната опрема на емисиите, и големината на буквите беше многу мала за да може да се следи од лица со попреченост.

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик, во периодот од 4 до 22 април 2024 година, Трговското радиодифузно друштво „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ, телевизија на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, не обезбеди информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, ниту во најмалку едно издание на вестите на дневно ниво, ниту во друга програмска содржина на неделно ниво емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот, за време на изборната кампања за првиот круг од Претседателските избори, иако објавуваше платено политичко рекламирање во континуитет во текот на изборната кампања.

## 8. Предлог-мерка:

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Трговското радиодифузно друштво „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ.

***Сектор за програмски работи***